МЕПСО
МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР

# ПОЛИТИКА ЗА ЕНЕРГИЈА НА АД МЕПСО

АД МЕПСО - Оператор на електропреносниот систем на земјава како компанија за вршење на дејност од јавен интерес пренос на електрична енергија и управување со стабилен и доверлив електроенергетски систем превзеде обврска да ја спроведува и постојано да ја унапредува Политика за енергија согласно барањата на стандардот ISO 50001 и да ги согледува сите нејзини аспекти при донесување на долгорочните стратешки цели.

АД МЕПСО се залага за континуирано подобрување на енергетските перформанси, а при тоа не нарушувајќи ги работните процеси и работење. Оператор на електропреносниот систем на земјава ја препознава потребата за подигнување на свеста и промена на односот кон одговорно користење на енергијата, во контекст на заложбите за намалување на негативните влијанија врз климатските промени и подигање на свесноста за значењето на одржливиот енергетски развој.

Од овие причини определбата на АД МЕПСО е воведување на процеси со висока енергетска ефикасност и најмодерни технологии докажани во практиката, набавка и користење на опрема и уреди со висока енергетска ефикасност, рационално користење на енергијата во погон и експлоатација на опремата и уредите, како и промовирање на заштеди на енергија во сите дејности и процеси во компанијата.

Во таа насока се обврзуваме на почитување на следните принципи :

- Посветеност на раководството за континуирано унапредување на Системот за менаџмент на енергија EnMS кој одговара на природата и обемот на користење и потрошувачка на енергија во компанијата,
- Определеност за континуирано подобрување на енергетските перформанси,
- Определеност за обезбедување достапност на информации и потребни ресурси за постигнување на енергетските општите и посебните цели,
- Определеност за усогласеност со важечки законски прописи и други барања на кои компанијата се обврзала, а кои се однесуваат на користење и потрошувачка на енергија и енергетска ефикасност,
- Обезбедување на рамка за утврдување и преиспитување на енергетските општи и посебни цели,
- Подршка на набвака на енергетски ефикасни производи и услуги, како и проектирање наменето за подобрување на енергетските перформанси,
- Подигање на свеста, одговорноста и максимална посветеност на сите вработени во процесите на имплементација, одржување, подобрување и преиспитување на Систем за менаџмент на енергија EnMS,
- Подигнување на свеста на нашите клиентите по прашањето на енергетската ефикасност, користењето и заштедата на енергија,
- Обуки и едукација на вработените за значењето на енергетската ефикасност, користењето и заштедите на енергија,
- Придонес кон националната политика за енергетска ефикасност и заштеди на енергија како и кон глобалната борба против климатските промени,

Сите вработени во Оператор на електропреносниот систем на Македонија се должни да ја спроведуваат Политиката за енергија на АД МЕПСО.

20.02.2019

Ревизија 3

Генерален директор

Сашо Василевски

Оператор на електропреносниот систем на Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем ... Скопје
СКОПЈЕ